RURAL DEVELOPMENT NETWORK
OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA

Почитувани,

На 01.04.2019 година, на одржаниот состанок со претставниците од МЗШВ ги поставивме прашањата кои ги дискутиравме на состанокот на тематската група.

Одговорите на нив, кои ги добивме се:

1. При мерката 412 (Воспоставување на ЛАГови) од предвидената вкупна сума 1.000.000,00 денари, дозволени се максимални трошоци во висина до 800.000,00 денари по апликант. Како ќе биде направена распределбата на средства доколку сите апликанти поднесат барања до 800.000,00 денари?

**Одговор:** Точно е дека може да сме барале по 800.000,00 денари, но според Игор Трошански еден ЛАГ нема логика да бара толку, затоа што еден ЛАГ не би требало да има толку реални трошоци. Препораката е да се бара по околу 100.000,00 до 150.000,00 денари, а средствата ќе се делат рамноправно во зависност од бројот на апликанти.

2. Дали со мерката 412 се предвидува финансиска поддршка за формирање на нови ЛАГови. Кои не се регистрирани во ЦРМ, ниту пак во регистарот на МЗШВ?

**Одговор:** Во овој повик не, но МЗШВ има план да регистрира нови ЛАГ-ови.

3. Во мерката 413, предвидена е вкупна сума од 13.000.000,00 денари. Согласно официјалниот регистар на МЗШВ, во Република Северна Македонија се евидентирани вкупно 13 ЛАГ-ови на кои им се издадени решенија. Зошто максималното ограничување за финансиски средства за проекти на ЛАГовите е поставено на границата од 800.000,00 денари? И како ќе биде направена распределбата на средствата од мерката 413?

**Одговор:** Неофицијално тоа е грешка при пресметката од нивна страна, официјално кога ни побарале годишен финансиски план за спроведување на активности просекот од сите ЛАГови бил 800.000,00 денари.

4. Доколку еден ЛАГ поднесе барање за финансирање на повеќе од 1 проект на мерката 413, дали за секој проект ќе биде дозволено формирање на посебни проектни проектни тимови со посебни проектни трошоци, или тоа треба да биде еден проектен тим кој ќе ги води сите проекти?

**Одговор:** Дозволено е формирање на повеќе тимови, односно секој ЛАГ си решава како ќе ги спроведува.

5. Дали јавната набавка ќе се спроведува групно за сите предложени проекти од страна на еден ЛАГ по мерката 413, или за секој проект ќе се прават посебни јавни набавки?

**Одговор:** Јавните набавки ќе се спроведуваат по законот за јавни набавки и ќе биде избор на секој ЛАГ како ќе ги спроведе, односно доколку сака секоја набавка да ја спроведе посебно по предложена активност, или една набавка за сите активности.

6. Дали трошоците за спроведување на јавна набавка преку системот на БЈН (регистрација во системот, електронски потписи и сертификати, мислења на комисии на БЈН и сл.) ќе бидат прифатени трошоци во барањето за финансирање на проекти?

**Одговор:** Рекоа дека овие трошоци се прифатливи, но да бидат направени после регистрацијата на ЛАГот во МЗШВ.

7. Дали јавните набавки можат да бидат спроведени од страна на друг субјект кој е веќе регистриран во системот на БЈН во име на ЛАГ-от (пример: основач на ЛАГ - општина, ГО и сл.)?

**Одговор:** Не може, мора договорен орган да биде ЛАГот.

8. Дали исплатата на финансиските средства ќе се одвива по постоечката национална програма за рурален развој(издавање на привремено решение, спроведување на јавна набавка, решение по спроведена јавна набавка и барања за исплата на средства)?

**Одговор:** Не, ќе се даде аванс на 40% за одобрените проектни активности, односно на секоја активност по 40%, а остатокот по доставениот извештај за завршени активности и прегледот на трошоците.

9. Доколку при спроведувањето на јавните набавки, со електронската аукција (негативната лицитација) се постигне помала цена од одобрената, дали разликата од одобрените средства ќе можат да бидат пренаменети и употребени за други активности или истите ќе бидат одбиени од исплатата?

**Одговор:** Ќе додадат ставка во договорот да може да се прави пренамена на средствата, но мора да се запазат сите рокови. Крајниот рок за завршување на активностите е 31.10.2019 година, тоа значи дека барањето за пренамена да биде доставено најдоцна 90 денови пред рокот.

10. Дали формуларите за пријавување и аплицирање ќе останат во pdf формат или би можеле да ги добиеме во отворена верзија на word формат (doc формат)?

**Одговор:** Формуларите ќе останат како што се.

**Дополнителни и важни информации:**

- Се прави **само едно барање** во кое се опфатени средствата побарани од двете мерки 412 и 413, без разлика на бројот на проекти и активности.

- Данокот од било кој вид (ДДВ, персонален и др.) **не е прифатлив трошок**, односно на секој пројавен трошок ќе биде одбиен данокот. Пример: вкупната вредност на активностите од 413 е 800.000,00 денари, тоа значи дека ЛАГот треба да обезбеди дополнителни околу 200.000,00 денари за покривање на данокот. Истото се однесува и за хонорарите, за киријата и сл.

Со почит,
Александар Јашков